Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

**ПУБЛИКАЦИЈА бр. 10**
**Септември – Октомври 2007**

# ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Содржина во овој број:***

1 Настани кои го одбележаа финансискиот пазар изминатиот период
  1.1 Движења на примарниот пазар на ДХВ во Република Македонија
  1.2 Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Република Македонија
  1.3 Преглед на сопственичката структура на обврзниците за денационализација
  1.4 Кредитен рејтинг од JCR
2 Пазар на државни хартии од вредност
  2.1 Примарен пазар
  2.2 Секундарен пазар
    2.2.1 Македонска берза
    2.2.2 Пазар преку шалтер
3 Календар на аукции за четврт квартал во 2007 година и прв квартал во 2008 година
4 Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)
5 Контакти

***Ноември, 2007***

www.finance.gov.mk

# 1 НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## *1.1 Движења на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија*

Во текот на септември и октомври, каматната стапка кај 3-месечните државни хартии од вредност (ДХВ) бележи тренд на значително зголемување. Пондерираната каматна стапка во текот на септември изнесуваше 3,71%, додека во текот на октомври на аукцијата одржана на 09.10.2007 година се реализираше каматна стапка од 4,91%, а на аукцијата на 22.10.2007 година, каматната стапка бележи благ пораст и го достигна нивото од 5,18%. Пондерираната каматна стапка на 6-месечните ДХВ, во месец октомври изнесуваше 5,40%. Кај 12-месечните ДХВ, пондерираната каматна стапка на аукцијата во септември изнесуваше 5,13%. Аукциите со ознака DZ2007/17-91 и DZ2007/09-182, со датум на одржување 04.09.2007 година, беа поништени, додека пак, на аукцијата на 3-годишната ДХВ, која се одржа во септември, не беше забележан интерес на страната на побарувачката.

Доколку се направи споредбена анализа на движењата на каматните стапки на ДХВ во 2007 во однос на 2006 година истите покажуваат тренд на намалување. Илустративно, пондерираната каматна стапка на 3-месечните државни записи постигната на аукциите во октомври 2006 година изнесуваше 6,27% додека пак, истата на аукциите во октомври 2007 година се намали за околу 1,22 процентни поени и изнесуваше 5,05%. Кај 6-месечните државни записи пондерираната каматна стапка во октомври 2006 го достигна нивото од 6,88% и со перманентно намалување во текот на годината, во месец октомври 2007 достигна ниво од 5,54%. Трендот на движење на каматните стапки е идентичен и кај останатите рочности на ДХВ.

Движењата на понудата и побарувачката се одвиваа на следниот начин: во септември на аукцијата на 3-месечните ДХВ беше понуден износ од 2.100.000.000 денари и се постигна побарувачка која изнесуваше 415.000.000 денари, додека кај 12-месечните ДХВ во октомври беа понудени 600.000.000 денари и беше постигната побарувачка од 119.500.000 денари.

На првата аукција на 3-месечните ДХВ во октомври беше понуден износ од 1.395.000.000 денари, а побарувачката изнесуваше 1.273.220.000 денари, додека на последната аукција истиот месец беше понуден износ од 1.900.000.000 денари, при што побарувачката го достигна нивото од 1.264.070.000 денари. Кај 6-месечните ДХВ во октомври е понуден износ од 200.000.000 денари, додека побарувачката која се постигна беше за 163.270.000 денари поголема од понудата и истата изнесуваше 363.270.000 денари.

## 1.2 Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Република Македонија

На пазарот преку шалтер кај државните записи (ДЗ) во период јули – октомври 2007 година, не се забележани тргувања. Додека пак, кај државните обврзници (ДО) во септември остварена е една трансакција со номинален износ од 10.000.000 денари, со просечна цена од 100,000 и просечен принос до достасување од 8,962%. Во октомври на пазарот преку шалтер, исто така, е забележана една трансакција со ДО со номинален износ од 1.000.000 денари, постигнатата просечна цена изнесува 99,600, а просечениот принос до достасување изнесува 7,651%.

Кај ДО во октомври е остварен помал номинален износ на тргување, во однос на септември, а остварен е и помал просечен принос до достасување за 1,311 процентни поени и помала постигната цена за 0,4 процентни поени споредено со претходниот месец. Во сепрември се тргуваше само со 2-годишните ДО, а во октомври со 3-годишните ДО. Тргувањата се оствари ја помеѓу банки и правни лица, при што цените не забележаа драстични промени, а и бројот на трансакции беше идентичен.

Во однос на законската регулатива, забележано е дека банките не ја почитуваат доследно обрската за котација на државните хартии од вредност кои ги поседуваат во износ од 1.000.000,00 денари, согласно Правилата за начин и постапка за тргување и порамнување трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер.

На Македонската берза во септември се тргуваше со структурни обврзници со вкупен обем од 2.260.212 ЕУР, а вкупниот промет на тргување со структурните обврзници изнесува 1.827.681 ЕУР или 111.803.495 денари. Прометот на тргување се добива со множење на остварената цена и обемот (номиналната вредост) на хартијата од вредност. Просечниот принос до достасување го достигнува нивото од 7,68% во месец септември.

Вкупниот обем на тргување на Македонската берза со структурни обврзници во октомври изнесуваше 7.558.008 ЕУР, а вкупниот промет на структурните обврзници изнесува 6.277.659 ЕУР или 384.116.167 денари. Просечниот принос до достасување забележува ниво од 7,81%.

Може да се согледа дека во октомври е остварен многу поголем обем на тргување кој е за 5.297.796 ЕУР поголем од обемот на тргување во месец септември, а остварен е и поголем промет за 4.449.978 ЕУР. Исто така, приносот до достасување во октомври е поголем за 0,39 процентни поени споредено со истиот во месец септември. Учеството на странските инвеститори на Македонската берза кај обврзниците во септември е 10,32,% а во октомври е помал и изнесува 8,72%.

### *1.3 Преглед на сопственичката структура на обврзниците за денационализација*

Сопственичката структура на досега емитуваните шест емисии на обврзниците за денационализација, заклучно со 30.09.2007 година е следнава:

Вкупниот износ на досега емитуваните обврзници за денационализација е 116.921.484 EUR, а бројот на иматели на државните обврзници за денационализација изнесува 6.388 лица. Од вкупниот износ, 52.282.223 ЕУР или 48,10% се во сопственост на физички лица, а 64.639.261 ЕУР, односно 51,90% се во сопственост на правни лица. Додека пак, од износот кој е во сопственост на правните лица, 17.335.607 ЕУР или 26,82% се во сопственост на банките, а 2.844.710 ЕУР или 4,4% се во сопственост на брокерските куќи. Останатите 44.458.944 ЕУР или 68,78%, остануваат во сопственост на други правни лица.

### *1.4 Кредитен рејтинг од JCR*

На 13.09.2007 година јапонската кредитна рејтинг агенција – JCR за прв пат и додели оценки за кредитниот рејтинг на Република Македонија: за долгорочен долг во странска валута ББ+ со стабилен изглед и долгорочен долг во домашна валута БББ-со стабилен изглед.

Кредитниот рејтинг, кој е доделен, пред сé се должи на континуираната економска и фискална стабилност, поддржана со прудентна економска и фискална политика, како и на имплементацијата на структурните реформи и добивањето на земјата статус кандидат за влез во Европската Унија.

Од друга страна, оценката за доделениот кредитниот рејтинг е ограничена поради тоа што земјата се наоѓа во период на индустриска трансформација која сé уште е во примарна фаза, со просечен БДП per capita од 6.000 евра, висока стапка на невработеност и голем структурен трговски дефицит.

Доделениот кредитен рејтинг е со стабилен изглед што се базира на добивањето на статус земја-кандидат за влез во Европската Унија, аспирациите за влез во НАТО, како и на stand-by аранжманите со ММФ и преземените реформи.

Оценката на кредитната рејтинг агенција – JCR е во линија со доделените кредитни рејтинг оценки од другите кредитни рејтинг агенции:

1. Standard & Poor's: ББ+ за странска валута и БББ- за домашна валута со стабилен изглед; и

2. Fitch: ББ+ рејтинг за странска и домашна валута со позитивен изглед.

Претставниците на кредитната рејтинг агенција – JCR ја посетија Република Македонија во средината на јуни оваа година и остварија средби со повеќе релевантни институции (Владата на Република Македонија, Народната банка на Република Македонија, независни политички набљудувачи, претставништва на меѓународни институции, итн.).

Во текот на средбите, кредитните рејтинг аналитичари, меѓу другото, се интересираа за политичката ситуација во земјата и односите со странство, макроекономските движења и очекувања, надворешниот сектор, макроекономските политики, структурните реформи, социјалните прашања, фискалната и монетарната политика, финансискиот систем и односите со меѓународните институции. Врз основа на официјални статистички податоци и показатели, како и на разговорите со институциите, претставниците од јапонската кредитна рејтинг агенција – JCR ја доделија оценката за кредитниот рејтинг на Република Македонија.

# 2 ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 2.1 Примарен пазар

| | Резултати од аукции на ДХВ септември 2007 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 12 месеци | 3 години |
| | DZ2007/17-91** | DZ2007/18-91 | DZ2007/09-182** | DZ2007/05-364 | DO2007/06-0910 |
| ISIN код | MKMINFDZ7173 | MKMINFDZ7181 | MKMINFDS7099 | MKMINFDY7059 | MKMINF20G0101 |
| Денови/години на доспевање | 91 | 91 | 182 | 364 | 3 |
| Дата на аукција | 04.09.2007 | 18.09.2007 | 04.09.2007 | 18.09.2007 | 20.09.2007 |
| Дата на доспевање | 15.12.2007 | 19.12.2007 | 05.03.2008 | 17.09.2008 | 24.09.2010 |
| Максимална каматна стапка | / | 4,00 | / | 5,20 | 0,00 |
| Минимална каматна стапка | / | 3,49 | / | 5,00 | 0,00 |
| Просечна каматна стапка | / | 3,71 | / | 5,13 | 0,00 |
| Просечна цена | / | 99,0698 | / | 95,0706 | 0,0000 |
| Понуда | 2.100.000.000 | 2.100.000.000 | 200.000.000 | 600.000.000 | 200.000.000 |
| Побарувачка | / | 415.000.000 | / | 119.500.000 | 0 |
| Реализација | / | 415.000.000 | / | 119.500.000 | 0 |
| Реализација на конкурентни понуди | / | 415.000.000 | / | 119.500.000 | 0 |
| Реализација на неконкурентни понуди | / | 0 | / | 0 | 0 |
| Процент на неконкурентни понуди | / | 1 | / | 1 | 1 |
| Bid to cover ratio* | / | 1 | / | 1 | 0 |
| Доставени понуди | / | 10 | / | 9 | 0 |
| Прифатени понуди | / | 10 | / | 9 | 0 |

| | Резултати од аукции на ДХВ октомври 2007 | | |
|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци |
| | DZ2007/19-91 | DZ2007/20-91 | DZ2007/10-182 |
| ISIN код | MKMINFDZ7199 | MKMINFDZ7207 | MKMINFDS7107 |
| Денови/години на доспевање | 91 | 91 | 182 |
| Дата на аукција | 09.10.2007 | 22.10.2007 | 09.10.2007 |
| Дата на доспевање | 09.01.2008 | 23.01.2008 | 09.04.2008 |
| Максимална каматна стапка | 5,30 | 5,30 | 5,50 |
| Минимална каматна стапка | 4,00 | 4,69 | 5,15 |
| Просечна каматна стапка | 4,91 | 5,18 | 5,40 |
| Просечна цена | 98,7730 | 98,7087 | 97,3426 |
| Понуда | 1.395.000.000 | 1.900.000.000 | 200.000.000 |
| Побарувачка | 1.273.220.000 | 1.264.070.000 | 363.270.000 |
| Реализација | 1.071.000.000 | 1.244.070.000 | 200.000.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | 1.071.000.000 | 1.244.070.000 | 200.000.000 |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | 0 | 0 |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | 1 | 1 |
| Bid to cover ratio* | 1,19 | 1,02 | 1,82 |
| Доставени понуди | 34 | 31 | 15 |
| Прифатени понуди | 26 | 29 | 11 |

** овој коефициент ја прикажува покриеноста на реализацијата со побарувачката*

***аукциите DZ2007/17-91 и DZ2007/09-182 беа поништени*

*Извор: Министерство за финансии*

# Министерство за финансии на Република Македонија
## Сектор за управување со јавен долг

### Пондерирани каматни стапки постигнати на аукциите на ДХВ




*Извор: Министерство за финансии*

### Побарувачка и реализација на аукциите на ДХВ септември 2006 -октомври 2007




*Извор: Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

Пондерирани каматни стапки на 3м ДЗ јан-дек 2005, 2006 и 2007




Пондерирани каматни стапки на 6м ДЗ јан-дек 2005, 2006 и 2007




*Извор: Министерство за финансии*

Реализирани ДХВ во 2006 и 2007, по месеци
(без ДЗ за монетарни цели)




Реализирани ДХВ во 2006 и 2007, по месеци
(со ДЗ за монетарни цели)




*Извор: Министерство за финансии*

# Министерство за финансии на Република Македонија
## Сектор за управување со јавен долг

Состојба на недостасани ДХВ (без ДЗ за монетарни цели)




Состојба на недостасани ДХВ (со ДЗ за монетарни цели)




*Извор: Министерство за финансии*

Сопственичка структура на недостасани ДХВ, август 2007




Сопственичка структура на недостасани ДХВ, октомври 2007




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## *Просечно време на достасување (Average time to maturity-ATM*) на портфолиото со континуирани државни хартии од вредност*




*Average time to maturity (ATM) е индикатор кој го покажува ризикот од рефинансирање кој е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг. ATM ја покажува просечната должина на време кога хартијата од вредност доспева и ја укажува сензитивноста на фондовите со фиксен приход врз промената на каматните стапки. Доколку просечната должина на време кај ATM е поголема, истата имплицира на поголемата чувствителност на промената на каматните стапки.

| | Државни записи | | Државни обврзници | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 години | | 3 години | | | |
| **Времетраење (Duration)*** | 31 август 2007 | 31 октомври 2007 | 31 август 2007 | 31 октомври 2007 | 31 август 2007 | 31 октомври 2007 | 31 август 2007 | 31 октомври 2007 |
| Просечно денови | 89,04 | 88,80 | 357,76 | 296,65 | 789,19 | 728,11 | 209,41 | 214,60 |
| Просечно години | 0,24 | 0,24 | 0,98 | 0,81 | 2,16 | 1,99 | 0,57 | 0,59 |

*Duration е индикатор кој го покажува ризикот од промената на каматните стапки. Попрецизно, овој показател покажува колку брзо промените на каматната стапка би влијаеле на трошокот на долгот, односно која е промената на вредноста на хартијата од вредност со фиксен приход како резултат од 1% промена на каматните стапки. Кај индикаторот искажан во години Duration од 5 години значи дека вредноста на хартијата од вредност би се зголемила за 5%, доколку каматните стапки се намалат за 1% и обратно.

*Извор: Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на примарен пазар




*Извор: Министерство за финансии*

## 2.2 Секундарен пазар

### 2.2.1 Македонска берза

**ПРЕГЛЕД НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**

| Септември 2007 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 88,4 | 87 | 88,21 | 25.09.07 | 155145 | 8305522 | 135781 | 8,95% |
| РМДЕН02 | 84 | 83 | 84 | 25.09.07 | 40210 | 2044799 | 33433 | 8,11% |
| РМДЕН03 | 85 | 82 | 84 | 27.09.07 | 173766 | 8876152 | 145121 | 7,29% |
| РМДЕН04 | 82 | 79 | 81,1 | 28.09.07 | 526199 | 26055633 | 425936 | 7,69% |
| РМДЕН05 | 82 | 77,4 | 80,17 | 28.09.07 | 549148 | 26740784 | 437118 | 7,40% |
| РМДЕН06 | 82 | 78,1 | 80,67 | 28.09.07 | 815744 | 39780605 | 650292 | 6,61% |

| Октомври 2007 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 90 | 88,2 | 89,11 | 31.10.07 | 334968 | 18210908 | 297668 | 7,80% |
| РМДЕН01 | 87,5 | 84 | 84 | 17.10.07 | 3485 | 182476 | 2983 | 9,48% |
| РМДЕН02 | 85,2 | 84,1 | 85,2 | 31.10.07 | 3044510 | 156683553 | 2560615 | 7,74% |
| РМДЕН03 | 84,1 | 83 | 83,1 | 31.10.07 | 72071 | 3692781 | 60351 | 7,78% |
| РМДЕН04 | 82 | 81,3 | 81,96 | 30.10.07 | 3398039 | 170481758 | 2786146 | 7,50% |
| РМДЕН05 | 82 | 80 | 80,82 | 31.10.07 | 258883 | 12829521 | 209711 | 7,29% |
| РМДЕН06 | 82 | 80 | 80,48 | 31.10.07 | 446052 | 22035170 | 360185 | 6,74% |

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

**СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ПАЗАР НА БЕРЗАТА ВО 2006 И 2007**

| Странски инвеститори | Сеп-06 | Окт-06 | Ное-06 | Дек-06 | Јан-07 | Фев-07 | Мар-07 | Апр-07 | Мај-07 | Јун-07 | Јул-07 | Авг-07 | Сеп-07 | Окт-07 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници* | 10,46% | 10,72% | 10,96% | 11,24% | 11,15% | 11,05% | 10,73% | 11,14% | 10,33% | 10,30% | 10,22% | 10,22% | 10,32% | 8,72% |

* Состојба на крајот на секој месец, добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а која се однесува на учество на странските инвеститори во вкупната номинална вредност на обврзниците на секундарниот пазар.

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

## Министерство за финансии на Република Македонија
## Сектор за управување со јавен долг

### Обем на тргување со структурни државни обврзници




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

### Принос до достасување на структурните државни обврзници




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## *2.2.2 Пазар преку шалтер*




*Извор: НБРМ*




*Извор: НБРМ*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на секундарен пазар




*Извор: НБРМ*

## 3 КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ЧЕТВРТ КВАРТАЛ ВО 2007 ГОДИНА И ПРВ КВАРТАЛ ВО 2008 ГОДИНА

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на достасување | Денови - години на достасување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| IV | Октомври | *DZ2007/19-91* | 09/10/07 | 10/10/07 | 09/01/08 | 91 |
| | | *DZ2007/10-182* | 09/10/07 | 10/10/07 | 09/04/08 | 182 |
| | | *DZ2007/20-91* | 22/10/07 | 24/10/07 | 23/01/08 | 91 |
| | Ноември | *DZ2007/21-91* | 06/11/07 | 07/11/07 | 06/02/08 | 91 |
| | | *DZ2007/11-182* | 06/11/07 | 07/11/07 | 07/05/08 | 182 |
| | | *DZ2007/22-91* | 20/11/07 | 21/11/07 | 20/02/08 | 91 |
| | | *DO2007/08-1109* | 22/11/07 | 26/11/07 | 26/11/09 | 02 |
| | Декември | *DZ2007/23-91* | 04/12/07 | 05/12/07 | 05/03/08 | 91 |
| | | *DZ2007/12-182* | 04/12/07 | 05/12/07 | 04/06/08 | 182 |
| | | *DZ2007/24-91* | 18/12/07 | 19/12/07 | 19/03/08 | 91 |
| | | *DZ2007/06-364* | 18/12/07 | 19/12/07 | 17/12/08 | 364 |
| I | Јануари | *DZ2008/01-91* | 08/01/08 | 09/01/08 | 09/04/08 | 91 |
| | | *DZ2008/01-182* | 08/01/08 | 09/01/08 | 09/07/08 | 182 |
| | | *DZ2008/02-91* | 22/01/08 | 23/01/08 | 23/04/08 | 91 |
| | Февруари | *DZ2008/03-91* | 05/02/08 | 06/02/08 | 07/05/08 | 91 |
| | | *DZ2008/02-182* | 05/02/08 | 06/02/08 | 06/08/08 | 182 |
| | | *DZ2008/04-91* | 19/02/08 | 20/02/08 | 21/05/08 | 91 |
| | | *DO2008/01-0210* | 21/02/08 | 25/02/08 | 25/02/10 | 02 |
| | Март | *DZ2008/05-91* | 04/03/08 | 05/03/08 | 04/06/08 | 91 |
| | | *DZ2008/03-182* | 04/03/08 | 05/03/08 | 03/09/08 | 182 |
| | | *DZ2008/06-91* | 18/03/08 | 19/03/08 | 18/06/08 | 91 |
| | | *DZ2008/02-364* | 18/03/08 | 19/03/08 | 18/03/09 | 364 |
| | | *DO2008/02-0311* | 27/03/08 | 31/03/08 | 31/03/11 | 03 |

*Извор Министерство за финансии*

*Календарот за првиот квартал од 2008 година е индикативен и истиот може да биде предмет на измени имајќи ги во предвид поместувањата кои можат да настанат поради верските и националните празници*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 4 ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ (податоци, контакти и провизии)

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116-830 3135-206 | 3116-433 | Било кој износ | 0,10% (мин. 150 ден.) | 0,10% (мин. 150 ден.) | |
| 2 | Еуростандард банка АД Скопје | 27 Март бб. | 3224-095 | 3228-444 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% (мин300 ден.) | 300 ден. |
| 3 | Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135-367 | 3114-166 | | | | |
| 3.1 | Инвестбанка АД Скопје (за 3 месечни државни записи) | | | | 10,000-50,000 ден | 200 ден. фиксно | | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | 500 ден. Фиксно | | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | 1,000 ден. Фиксно | | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | 1,500 ден. фиксно | | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | 0,14% (мин. 1,500 ден.) | | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | 0,12% (мин.7,000 ден) | | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | 0,10% (мин. 12,000 ден.) | | |
| 3.2 | Инвестбанка АД Скопје (за 6 месечни државни записи) | | | | 10,000-50,000 ден | 300 ден. фиксно | | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | 700 ден. фиксно | | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | 1,300 ден. фиксно | | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | 2,000 ден. фиксно | | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | 0,16% (мин. 2,000 ден.) | | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | 0,14% (мин. 8,000 ден.) | | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | 0,12% (мин. 14,000 ден.) | | |
| 3.3 | Инвестбанка АД Скопје ( државни обврзници) | | | | 10,000-50,000 ден | | 500 ден. фиксно | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | | 1,000 ден. фиксно | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | | 1,300 ден. фиксно | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | | 2,000 ден. фиксно | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | | 0,17% (мин. 2,500 ден.) | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | | 0,15% (мин. 7,500 ден.) | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | | 0,13% (мин. 15,000 ден.) | |
| 4 | Интернационална приватна банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112-830 3134-060 | 3119-191 3124-288 | До 200,000 ден. | 200 ден. фиксно | 0,10%(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| | | | | | Над 200,000 ден. | 0,10% | | |
| 5 | Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122-393 | 3122-207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113-494 | 3107-107 3111-133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| 7 | Комерцијална инвестициона банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија б.б | 031/420-061 | 031/475-100 031/426-455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.) | 0,15% (мин.300 ден.) | 200 ден. За ДЗ и 300 ден за ДО |
| 8 | Македонска банка АД Скопје | Бул. ВМРО, 3-12/2 | 3117-191 | 3117-111 | До 730,000 ден. | 800 ден. фиксно | | |
| | | | | | 730,000-27,270,000 | 0,11% | | |
| | | | | | Над 27,270,000 ден. | 30,000 ден. фиксно | | |
| 9 | Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254-130 046/254-133 | 046/206-600 046/265-330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10% (минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| 10 | Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220-389 3163-054 | 3112-862 3163-354 | Не работи со клиенти | | | |

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | ПроКредит банка АД Скопје | Бул. Јане Сандански 109/а | 3219-901 | 3219-900<br>3219-948 | Било кој износ | 0,10% (мин.200 ден.) | 0,10% (мин.200 ден.) | |
| 12 | Силекс банка АД Скопје | Градски ѕид, блок 9. локал 5 | 3114-891<br>3224-844 | 3115-288<br>3115-880<br>3112-699 | Било кој износ | 500 ден. фиксно | 0,12% (мин. 500 ден.) | 500 ден. |
| 13 | Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207-515<br>047/207-541<br>047/207-513 | 047/207-500 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| 14 | Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114-503 | 3295-295 | Било кој износ | 0,11% (мин.400 ден.) | 0,11% (мин.400 ден.) | 250 ден. |
| 15 | ТТК Банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236-444 | 3236-400 | Било кој износ | 0,10% (мин. 200 ден.) | | 200 ден |
| 16 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 12-та Ударна бригада, б.б | 3105-630<br>3105-681 | 3105-601<br>3105-606<br>3105-694 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| 17 | Македонска банка за подршка на развојот АД Скопје | Вељко Влаховиќ 26 | 3239-688 | 3114-840<br>3115-844 | Не работи со клиенти | | | |
| 18 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286-000<br>3130-448 | 3286-100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| 19 | Т.Џ Зираат банкаси-подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110-013 | 3111-337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

Сите информации за провизиите на банките за купување на државните записи како и на државните обврзници во име на клиенти, Министерството за финансии на својата web страна www.finance.gov.mk редовно ги ажурира по добивање на известување од банките.

## 5 КОНТАКТИ

| Име | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Маја Парнарџиева | Раководител на сектор за управување со јавен долг | 02 3106 396 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на Front Office | 02 3106 293 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| Билјана Крушаровска | Front Office | 02 3106 381 | Biljana.Krusarovska@finance.gov.mk |
| Дејан Николовски | Front Office | 02 3106 381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |
| Дарко Блажевски | Front Office | 02 3106 171 | Darko.Blazevski@finance.gov.mk |